**Нацрт Акциски план за Отворено владино партнерство**

**(прва верзија)**

Република Македонија континуирано работи на подобрување на ефикасноста во работењето на државните институции, зголемување на транспарентноста и пристапот до информации, борбата против корупцијата и обезбедување на висок квалитет на јавните услуги за граѓаните и бизнисите преку искористување на моќта на технологијата и иновациите.

Преку приклучување кон Отвореното Владино партнерство, Владата на РМ се обврзува да се изгради на темелите на една отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Обврските во поглед на транспарентноста во вршењето на владините активности, како и вклучување на НВО претставуваат високи приоритети во агендата на Владата на Република Македонија. Граѓанскиот сектор акумулира огромна креативна енергија која треба да се користи поактивно во јавниот сектор преку подобрување и негување на културата на вклученост и почитувањето на правата на сите граѓани во процесот на креирање политики и донесување одлуки, донесување закони и пристап до информации.

Уште поважно, Отвореното Владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста.

Една од инцијативите која ја поддржува европската комисија за да овозможи дигиталната технологија да придонесе за владеење и транспарентност е отворањето на јавните податоци. Во дигиталната ера податоците имаат друга вредност, не само за транспарентноста, туку и за стимулирање на веб содржини, и двигател на економијата. “Податоците се новиот мотор на дигиталната ера“ (Нили Крос, Еврокомесар за Дигитална агенда).

Владата може со минимални трошоци, да отвори огромен број податоци врз база на кои други можат да развиваат нови бизнис модели и иновативни решенија (апликации, е-услуги, итн.). Економските анализи за новата Директива на ЕУ за информации на јавниот сектор, предвидува дека политиката ан отворени владини податоци би требало директно да ја зголеми деловноста (бизнисите) до 40 билиони евра годишно или до 0,3% БДП, а со комбинација на директни и индиректни ефекти (влијанија) процентот може да се искачи до 1,7% БДП. Ако се користи Директивата на ЕУ како основа за пресметка, Република Македонија може да очекува од 5 до 25 МЕУР на годишно ниво од отворените податоци.

Искористувањето на јавните податоци носи огромен економски потенцијал и зачувување на благосостојбата на потрошувачите.

Јавните податоци се продуцираат на сите нивна на власт (локално, регионално, национално).
Начинот и условите под кои податоците се направени достапни за комерцијална и некомерцијална повторна употреба влијаат врз конкуренцијата и конкурентноста.

НАЦРТ

Креирање на  отворена Влада бара постојана посветеност од страна на јавните службеници и вработените во сите нивоа на власта, таа исто така бара Отворена Влада т.е. слободен пристап до податоци и транспарентност може да бидат едно од најмоќните алатки на јавната политика во 21-от век. Тие создаваат повеќе можности нудејќи користи за јавниот сектор, поединците и бизнисите. Отворената Влада овозможува отчетност; ги подобрува резултатите и продуктивноста, ги зајакнува на поединците и заедниците; и е двигател за  динамичен економски раст.

Концептот на Отворена Влада слободен и бесплатен пристап до податоци и информации, без технички или законски ограничувања како и целосно вклучување на засегнатите страни во активностите на Владата.. Пристапот до податоците од администрацијата е гарант за транспарентност, ефикасност, еднакви можности, соработка, но исто така создава и додатни вредности. Преку ова податоците од различни извори можат да бидат користени од различни и повеќе заинтересирани страни за креирање на дополнителна вредност од податоците.

Со имплементација на концептот Отворена Влада, секоја институција која располага со јавни податоци потребно е да презема конкретни чекори и мерки со кои ќе ги направи достапни јавните податоци во отворен формат:

- Објавување на податоците од јавен карактер во необработен формат и компјутерски искористлив формат на веб
- Оставање можност за преземање, индексирање, повторно користење и пребарување на јавните податоци
- Редовно ажурирање на податоците

НАЦРТ

Цел 1: Партиципативно креирање политики и закони (e-democracy, ENER)

| мерка | Опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| М1: Директна вклученост на граѓаните во креирањето политики и иницијативи (стратегии, закони) | Следење на учеството на интерактивните портали | | | |
| М 2: Отворено граѓанско партнерство | Стимулирање на граѓанското учество | | | |
| М3: унапредување на порталот за е-демократија со сегмент за отворени податоци т.е. отворена влада | | | | |
| М4: Воведување на можност за On-line петиции (онлајн собирање на потписи) | Ќе се воведе можност за услуга која опфаќа онлајн петиции од граѓаните и ќе да им се понуди на граѓаните преку користење на дигитални сертификати на лесен и иновативен начин да се вклучат и да обезбедат повратна информација до владата. | | | |

НАЦРТ

Цел 2: Отворени податоци – мотор на економски развој

| мерка | опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| М1. креирање на нови бизнис модели од отворените податоци | Развој на индикатори со кои ќе се мери како малите и средни претпријатија – бизниси имале корист од отворените податоци | | | |
| М2: утврдување на начинот и условите под кои податоците се направени достапни за комерцијална и некомерцијална повторна употреба со цел поттикнување на конкуренција и конкурентност | Локално, регионално, национално ниво и прекугранична соработка | | | |

Цел 3: подобрување на електронските услуги и процедури

| мерка | опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| М1: Консултации со стејкхолдерите и граѓанското општество | По барање на граѓани (отворање на информации) | | | |
| М2: Механизам на повратна информација (feed back) за унапредување на ефикасноста на процедурите | Врз база на видот на информациите кои граѓаните биги барале, ќе се утврдат внатрешните процедури по институциите кои би требало да траат пократко (итност) | | | |
| М3: Следење и споредување на резултатите од проектите за оценување на јавната администрација | | | | |
| М4: Обезбедување на владините услуги преку cloud computing. "Облакот" ќе им овозможи на јавните установи и јавните службеници да ги | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| споделат системите и ресурсите, ефикасно да соработуваат во услови на зголемена безбедност и ефикасност. | | | | |
| М5: Проширување на проектот за интероперабилност кој ги поврзува граѓаните со владата на ефикасен и ефективен начин. | | | | |

Цел 4: воспоставување на пракса и континуитет во подобрувањето на квалитетот на отвореноста

| мерка | опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| М1. Унапредување на пристапот до информации од јавен карактер | Проширување на информациите кои се сметаат од јавен карактер и динамика на нивно отворање кон јавноста | | | |
| М2:Употребливост на информациите (стандардизација на форматите на објавување на податоците) | Објавување на информациите на лесен и едноставен начин за пронаоѓање на начин и во форма подготвени за употреба (употребливи) | | | |
| М3: Планирање и следење на плановите за отворање на податоците на државните институции | МИОА внимателно ќе ги следи начинот и динамиката со која државните институции ги спроведуваат плановите за отворање на податоците. Како резултат на тоа, државните институции ќе ги подобрат нивните напори за отворање на информации кои ги поседуваат на јавноста и ќе ги направат овие | | | |

НАЦРТ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | податоци корисни, ќе идентификуваат нови можности за учество на јавноста во донесување на одлуките и ќе овозможат потесна соработка со сите засегнати страни. | | | |

Цел 5: стимулирање на научно- истражувачката дејност преку лесно достапни податоци

| мерка | опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| М1 : Утврдување на податоци кои се релевантни за граѓаните а во кои приватниот сектор не би инвестирал | | | | |
| М2: Објавување податоци со кои ќе се овозможи научно- истражувачка соработка на интернет (меѓународен аспект) | | | | |

Цел 6: Сузбивање на корупција

| мерка | опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|

НАЦРТ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| М1: Отворање на податоци од тела со одлучувачки надлежности (органи на државна управа, регулаторни тела, комисии во прв и втор степен, судови) | Тек на постапката, одлуки, решенија, итн | | | |
| М2: Зголемување на бројот на информации кои инспекторатите ги објавуваат на интернет и утврдување на видот на информациите кои би им користеле на бизнисите и граѓаните | Тек на постапката, одлуки, решенија, итн | | | |

Цел 7: Ефикасно управување со јавните ресурси

| мерка | опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| М1: Иницијатива за отворен буџет | | | | |
| М2: Јавни набавки | | | | |
| М3: Странска помош и странски инвестиции | | | | |

Цел 8: Отворени податоци на локално ниво

| мерка | опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| М1:Отворање на податоците од страна на општините | | | | |
| М2: Утврдување на заеднички критериуми за отворени податоци (унифициран пристап) | | | | |

НАЦРТ

Цел 9: Заштита на потрошувачи

| мерка | опис | Надлежна Институција/ партнер | Рок | Статус |
|---|---|---|---|---|
| M1: Зголемување на одговорноста и промовирање на концептот на информирани потрошувачи. | Преземање на низа чекори за информирање на потрошувачите во областите како што се здравството, образованието, исхраната, енергетска ефикасност, економичност на гориво, заштита на животната средина, и финансиски услуги. | | | |
| M2: Подобрување достапноста и квалитетот на информациите кои се однесуваат на: безбедност на патиштата, чистотата на воздухот, безбедноста на работниците и слично. Создавање на усогласеност на регулаторните информации кое ќе помогне да се поттикне фер и доследно спроведување на значајни регулаторни обврски. | Овие информации треба да бидат јавно достапни, лесно достапни, со можност за преземање, и можност за пребарување на интернет | | | |

Придобивки од Отворена Влада

- За граѓаните/бизнисите – Тие ќе имаат повеќе избор преку пристап до повеќе податоци, но пред се информации произведени од апликациите кои ги користат отворените услуги, што ќе влијае за донесување поквалитетни одлуки. Тие се директно вклучени во подготовката на законите, прописите и други владини документи

НАЦРТ

- За локалната власт – Локалната власт, согласно степенот на развој и природата и надлежностите на нејзиното работење, ќе добие слобода за иновации во давање на постоечки и нови услуги според потребите на нејзините граѓани.

- За администрацијата – Администрацијата ќе ја поврати професионалната одговорност и ќе понуди услуги по мерка на граѓаните, ќе го подобри нејзиното работење и ќе стане поефективна преку зголемување на ефикасноста и развивање на конкурентност.

- За бизнис секторот, провајдерите на услуги/апликации – Ќе се отворат нови бизнис можности за сите типови на провајдери да се натпреваруваат во креирање и давање на услуги, да воведат иновации и да ги прошируваат полињата на нивното делување, да развиваат нови вештини и знаења, да инвестираат во нови технологии и да станат поконкурентни на растечкиот пазар.

НАЦРТ